РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407
web: www.arpz.mk ; e-mail: arpz@arpz.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 30-01-2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 490/1 | | |

Бр. 02-30/1
27.01.2012 година
Скопје

ДО: Собрание на Република Македонија

Предмет: Доставување на Годишна програма за работа и развој и Годишен финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година

Почитувани,

На седницата одржана на 18.01.2012 година, Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ги усвои Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план за 2012 година на Агенцијата.

Во согласност со член 109 став (3) од Законот за железничкиот систем и член 8 став (3) од Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Агенцијата е должна до Собранието на Република Македонија да ги достави Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план, за добивање согласност.

За таа цел, во прилог на овој допис ви ги доставуваме Годишниот финански план и Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за 2012 година.

Со почит,

Агенција за регулирање на
железничкиот сектор
Управен одбор

Силвана Мојсовска
Претседател

Прилог:
- Одлука на Управниот одбор бр. 02-20/5 од 18.01.2012 година за усвојување на Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година,
- Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година (бр.01-20/6 од 18.01.2012 година),
- Годишен финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година (бр.01-20/7 од 18.01.2012 година) и
- Предлог Одлуки за давање согласност од страна на Собранието на Република Македонија (2)

+CD

Доставено до:
- Собрание на Република Македонија,
- Архива на Агенцијата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА
ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
Бр. 02-20/5
18.01. 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 103 алинеја 2, 3 и 10 од Законот за железнички систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10 и 23/11) и член 11 алинеја 3, 4 и 17 од Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Управниот одбор на Агенцијата на седницата одржана на ден 18.01.2012 година донесе

# ОДЛУКА
## за усвојување на
## Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година.

**Член 2**

Годишната програма за работа и развој и Годишниот финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година се доставува до Собранието на Република Македонија за добивање согласност.

**Член 3**

Оваа одлука е конечна и влегува на сила на денот на донесувањето.

**Бр. 02-20/5**
**18.01.2012 година**

**Управен одбор**
**Претседател**
**Силвана Мојсовска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ

Врз основа на членот 109 став (3) од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10 и 23/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на __.__.2012 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2012 ГОДИНА**

Член 1

Собранието на Република Македонија дава согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Број ____________**
**____________ 2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Трајко Вељаноски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА
ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
Бр. 01-20/7
18.01. 20 12 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Агенција за регулирање на железничкиот сектор

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2012 година

Бр.01-20/7
18.01.2012 година
Скопје

# СОДРЖИНА

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ**

ПРИХОДНА СТАВКА 71501 – ГОДИШНА ТАКСА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ УСЛУГИ ОД 2011 година

ПРИХОДНА СТАВКА 71502- ГОДИШНА ТАКСА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ УСЛУГИ – 2012 година

ПРИХОДНА СТАВКА 720 – ДРУГИ ПРИХОДИ

ПРИХОДНА СТАВКА 770 –ПРЕНОС НА СРЕДСТВА ОД МИНАТАТА ГОДИНА

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

РАСХОДНА СТАВКА 400 - ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

РАСХОДНА СТАВКА 401- ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА

РАСХОДНА СТАВКА 402 - ИНВЕСТИЦИОНО ОДДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ (КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И КОМУНИКАЦИЈА)

РАСХОДНА СТАВКА 404 - ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ

РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ

РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ

РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ

РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ

РАСХОДНА СТАВКА 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА

РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА

РАСХОДНА СТАВКА 460 - ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ

РАСХОДНА СТАВКА 470 - ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА**

**СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2011 И 2012 ГОДИНА**

Врз основа на член 103 алинеја 3 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10 и 23/11) и член 11 алинеја 3 од Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Управниот одбор на Агенцијата, на предлог на директорот на Агенцијата, на седницата одржана на 18.01.2012 година донесе

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН

## на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор со цел извршување на активностите од својот делокруг на работа и во рамките на своите надлежности, а кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр.48/10 и 23/11), изврши проценка на расходите по расходни ставки и потставки кои ќе се финансираат од приходите оставрени од наплата на Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги предвидени со Законот за железничкиот систем.

Пресметката на приходите е направена во согласност со член 108 од Законот за железничкиот систем.

Проценетите приходи и расходи на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ви ги доставуваме во Годишниот финанасиски план за 2012 година, со образложение за висината на планираните приходи и расходи.

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

Во финансискиот план за 2012 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор вкалкулирани се следните приходи:

1. Год. такса (ненаплатена) за регулирање на пазарот на железнички услуги - 2011г – 3.351.252,00 денари
2. Год. такса за регулирање на пазарот на железнички услуги-2012г – 9.200.000,00 денари
3. Пренос на средства од минатата година – 1.400.000,00 денари
4. Други приходи – 50.000,00 денари

Износот од 3.351.252,00 денари - Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2011 година произлегува од ненаплатени побарувања од 2011 година (кои во 2011 година се пресметани согласно член 108 од Законот за железничкиот систем и за кои уредно се доставени решенија до железничкиот превозник). Со оглед дека Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2011 година, не беше наплатена во целост истата година, овие побарувања се пренесуваат и се планираат како приходи во 2012 година.

Износот од 9.200.000,00 денари - Годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2012 година произлегува од пресметката согласно член 108, став 4 од Законот за железничкиот систем, според кој годишната такса изнесува 1,5 % од остварениот

годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура што ја наплатуваат управителите на инфраструктурата од превозниците и тоа од минималниот пакет на услуги и пристапот по пруга до услужни објекти.

Средства во износ од 1.400.000,00 денари се пренесуваат во 2012 година, од причина што истите беа уплатени во текот на декември 2011 година.

Планираниот износ на приходи од банкарски камати и други извори изнесува 50.000,00 денари.

Вкупно планираните приходи во 2012 година изнесуваат 14.001.252,00 денари.

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

### РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Во оваа ставка се предвидени средства за набавка на материјали неопходни за нормално извршување на работните задачи од страна на вработените во Агенцијата и тоа за канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените (домашна и странска литература), средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, алат, административни материјали, вода, комунални такси и други материјали со вкупна вредност од 540.000,00 денари.

### РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА

Во оваа ставка се предвидуваат средства за подмирување на трошоците за потрошена електрична енергија во текот на 2012 година со вкупна вредност од 150.000.00 денари.

### РАСХОДНА СТАВКА 402 – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Во оваа расходна ставка се вкалкулирани средства за тековно одржување на деловниот простор (мајсторски работи) во вкупен износ од 100.000,00 денари

### РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ

Проценетите средства за оваа категорија на расходи е во вкупен износ од 745.000,00 денари и истите се наменети за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поштенски услуги, фиксна и мобилна телефонија, интернет пристап, услуги за копирање, печатење, претплата за службен весник, комплетно брендирање на агенцијата и за други услуги.

### РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ

Со оглед дека Агенцијата не располага со службено возило, со Годишниот финансиски план на Агенцијата за 2012 година предвидени се и средства за превозно-транспортни услуги за потребите на вработените, при извршување на своите работни задачи. Проценетиот износ на оваа расходна категорија изнесува 20.000,00 денари.

### РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Планираниот износ за оваа ставка изнесува 170.000,00 денари, во која се вкалкулирани трошоци за реклама, пропаганда, репрезентација, прехрамбени продукти, пијалоци и сл..

### РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ

Планираните средства од оваа раходна ставка се предвитуваат да бидат искористени за изработка на службени легитимации, визит карти на вработените на Агенцијата, како и за

други материјални расходи потребни за извршување на работните задачи. Средствата кои се предвидуваат во рамките на оваа ставка изнесуваат 55.000,00 денари

РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Средствата од оваа расходна категорија изнесува 45.000,00 денари, а се однесува за провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи.

РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Оваа расходна ствака е планирана во износ од 30.000,00 денари и истите би се користеле за осигурување на деловниот објект и опремата

РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

Планираниот износ на оваа расходна ставка е проценет на 1.300.000,00 денари, на кој износ се и проценети патните, хотелските и дневните расходи во земјата и странство. Овие службени патувања се потребни за учество на состаноци на работни групи на регулаторните тела од ЕУ од областа на железниците, конференции на регулаторните тела од ЕУ, присуство на семинари, соработка со регулаторните тела од ЕУ и соседните земји со цел размена на искуство и сл.

РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ

Во оваа расходна ставка се пресметани надоместоци на трошоци на работниците за користење на сопствено возило за службени цели и останати трошоци предвидено со закон и истите изнесуваат 100.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ

Планираниот износ на оваа расходната категорија изнесува 16.252,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГ И УСЛУГИ

Планираните расходи за интелектуални и други услуги за 2012 година се во износ од 4.140.000,00 денари и истите би се користеле за следното:

- Стручно усовршување на вработените преку учество на семинари, конференции што се одржуваат во земјата и странство, а за кои се предвидени износи за котизација, посета на курсеви за јазици и сл;
- Користење на консултантски услуги од областа на анализа на пазарот на железничките услуги и други консултантски услуги за изработка на студии за анализа на квалитетот на услугите кои ги даваат инфраструктурната и транспортната компанија, истражување на јавното мислење;
- Надоместоци по основ на нето примања и патни трошоци на Претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
- Услуги за одржување на веб сајт, инсталација и одржување на компјутерски мрежи, сервер и информатичка опрема
- Здравствени прегледи на вработените, ревизорски услуги и други видови на услуги;

РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ

Во оваа расходна ставка предвидени се трошоци за објава на огласи, тендери во домашни и меѓународни списанија, судски такси, трошоци за аконтации за данок на непризнаени расходи и сл. и за истата се предвиден средства во износ од 130.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ)

Во оваа расходна ставка предвидени се средства за инвестиционо вложување - реконструкција на деловниот објект, кој е во сопственост на Република Македонија, даден на користење на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор со одлука донесена на ден 19.05.2009 година од Владата на Република Македонија со број 19-1991/1. Средствата од оваа ставка ќе се користат за замена на сите стари прозори со нови и истите изнесуваат 750.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА

Во текот на 2012 година Агенцијата има потреба од доопремување со канцелариски мебел, набавка на софтвер за архивско работење, софтвер за управување со документи, како и потребен хардвер за креирање на електронска база на податоци. За оваа ставка се предвидуваат 1.980.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 460 - ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ

Во оваа ставка се предвидени средства за исплата на нето плати и придонеси од плати за 4 вработени. Предвидениот износ за оваа ставка изнесува 3.600.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 470 - ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТ АТОТ

Планираниот износ на оваа расходна ставка изнесува 130.000,00 денари и се однесува за персонален данок на доход за надоместоци и реализирани трошоци за Управниот одбор на Агенцијата, како и персонален доход кој би произлегол од склучени договори со физички лица, кои би биле ангажирани за потребите на Агенцијата.

Вкупно планирани расходи: 14.001.252,00 денари

**Број: 01-20/7**
**18.01.2012 година**
**Скопје**

**Управен одбор**
**Претседател**

**Силвана Мојсовска**

**Прилог: Табеларен преглед на Годишниот финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2012 година**

## ПРИЛОГ – ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

### 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) |
|---|---|---|
| 75101 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги од 2011 година | 3,351,252.00 |
| 75102 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2012 година | 9,200,000.00 |
| 770 | Пренос на средства од минатата година | 1,400,000.00 |
| 720 | Други приходи | 50,000.00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **14,001,252.00** |

### 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) |
|---|---|---|
| **400** | **ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ** | **540,000.00** |
| 40001 | Комунални услуги-вода, ѓубрарина и сл. | 30,000.00 |
| 40002 | Списанија весници и др.изданија | 90,000.00 |
| 40003 | Стручна литература | 150,000.00 |
| 40004 | Канцелариски материјали | 120,000.00 |
| 40005 | Средства за хигиена | 30,000.00 |
| 40006 | Ситен инвентар | 60,000.00 |
| 40007 | Други административни материјали | 30,000.00 |
| 40090 | Други материјали-останато | 30,000.00 |
| **401** | **ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА** | **150,000.00** |
| 40100 | Потрошена електрична енергија | 150,000.00 |
| **402** | **ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА** | **100,000.00** |
| 40200 | Одржување на деловниот простор | 100,000.00 |
| **403** | **ДРУГИ УСЛУГИ** | **745,000.00** |
| 40301 | Телефон, телефакс и интернет | 200,000.00 |
| 40305 | Поштенски услуги | 30,000.00 |
| 40306 | Фотокопирни услуги | 45,000.00 |
| 40307 | Услуги за одржување на хигиена | 120,000.00 |
| 40309 | Службен весник | 15,000.00 |
| 40311 | Сервис и одржување на софтвер за сметководство | 25,000.00 |
| 40312 | Поправка и одржување на опрема | 50,000.00 |
| 40313 | Услуги за брендирање на Агенцијата | 200,000.00 |
| 40390 | Други услуги | 60,000.00 |
| **404** | **ПРЕВОЗНО-ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ** | **20,000.00** |
| 40401 | Превозно-транспортни услуги | 20,000.00 |
| **405** | **ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** | **170,000.00** |
| 40500 | Издатоци за репрезентација | 100,000.00 |
| 40501 | Издатоци за реклама, пропаганда | 70,000.00 |
| **409** | **ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ** | **55,000.00** |
| 40900 | Службени легитимации и визит карти | 30,000.00 |
| 40902 | Други материјални расходи | 25,000.00 |
| **410** | **ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | **45,000.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 30,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 41001 | Провизија за откуп на девизи | 15,000.00 |
| **412** | **ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | **30,000.00** |
| **413** | **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ** | **1,300,000.00** |
| **414** | **НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ** | **100,000.00** |
| **415** | **НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ** | **16,252.00** |
| **417** | **ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ** | **4,140,000.00** |
| 41703 | Обуки за стручно усовршување,семинари, конференции | 700,000.00 |
| 41705 | Надоместоци и трошоци на членови на Управен одбор | 1,000,000.00 |
| 41706 | Услуги за истражување на пазарот | 450,000.00 |
| 41708 | Консултантски услуги-изработка на студии | 1,400,000.00 |
| 41709 | Ревизија на финансиските извештаи-надворешна ревизија | 100,000.00 |
| 41710 | Други услуги-хостинг за интернет страна | 10,000.00 |
| 41711 | Здравствени услуги | 30,000.00 |
| 41789 | Услуги за одржување на веб сајт и инсталација и одржување на инф.опрема и мрежа | 350,000.00 |
| 41790 | Други услуги | 100,000.00 |
| **418** | **ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ** | **130,000.00** |
| 41801 | Други оперативни расходи | 20,000.00 |
| 41802 | Данок на добивка(данок на непринаени расходи) | 70,000.00 |
| 41804 | Други расходи-огласи | 30,000.00 |
| 41805 | Судски и нотарски такси | 10,000.00 |
| **440** | **СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **750,000.00** |
| 4401 | Опремување на деловниот објект со прозори | 750,000.00 |
| **441** | **СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА** | **1,980,000.00** |
| 44101 | Средства за канцелариски мебел | 280,000.00 |
| 44106 | Компјутерска опрема (хардвер) | 400,000.00 |
| 44107 | Канцелариска опрема | 380,000.00 |
| 44108 | Средства за друга опрема | 210,000.00 |
| 41790 | Софтвер за канцелариско работење | 710,000.00 |
| **460** | **ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ** | **3,600,000.00** |
| 46001 | Нето плати | 2,400,000.00 |
| 46002 | Придонеси од плати | 1,200,000.00 |
| **470** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **130,000.00** |
| 47001 | Персонален данок | 30,000.00 |
| 47002 | Персонален данок – надоместоци на Управен одбор | 100,000.00 |
| 4 | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **14,001,252.00** |

СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2011 И 2012 ГОДИНА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) 2012 година | Планиран износ (денари) 2011 година | Споредбен показател на планирани расходи(% |
|---|---|---|---|---|
| 75101 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги од 2011 година | 3,351,252.00 | 0 | 100.0( |
| 75102 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2012 година | 9,200,000.00 | 9,704,000.00 | 94.8( |
| 770 | Пренос на средства од минатата година | 1,400,000.00 | 0 | 100.0( |
| 720 | Други приходи | 50,000.00 | 0 | 100.0( |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **14,001,252.00** | **9,704,000.00** | **144.2** |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) 2012 година | Планиран износ (денари) 2011 година | Споредбен показател на планирани расходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 400 | ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ | 540,000.00 | 495,000.00 | 109.09 |
| 401 | ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА | 150,000.00 | 120,000.00 | 125.00 |
| 402 | ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА | 100,000.00 | 100,000.00 | 100.00 |
| 403 | ДРУГИ УСЛУГИ | 745,000.00 | 745,000.00 | 100.00 |
| 404 | ПРЕВОЗНО-ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 20,000.00 | 20,000.00 | 100.00 |
| 405 | ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА,ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 170,000.00 | 90,000.00 | 188.89 |
| 409 | ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ | 55,000.00 | 40,000.00 | 137.50 |
| 410 | ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 45,000.00 | 30,000.00 | 150.00 |
| 412 | ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 30,000.00 | 30,000.00 | 100.00 |
| 413 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 1,300,000.00 | 600,000.00 | 216.67 |
| 414 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ | 100,000.00 | 50,000.00 | 200.00 |
| 415 | НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | 16,252.00 | 10,000.00 | 162.52 |
| 417 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ | 4,140,000.00 | 2,614,000.00 | 158.38 |
| 418 | ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ | 130,000.00 | 130,000.00 | 100.00 |
| 440 | СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 750,000.00 | 300,000.00 | 250.00 |
| 441 | СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 1,980,000.00 | 690,000.00 | 286.96 |
| 460 | ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ | 3,600,000.00 | 3,500,000.00 | 102.86 |
| 470 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 130,000.00 | 140,000.00 | 92.86 |
| 4 | **ВКУПНО РАСХОДИ** | 14,001,252.00 | 9,704,000.00 | 144.28 |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Високите проценти на зголемување на расходите на одредени позиции во 2012 година се резултат на потребата од доопремување и доекипирање на Агенцијата која започна со работа во 2009 година, како и заради нереализираните, а предвидени активности на Агенцијата од 2011 година кои се планира да се реализираат во оваа година.

1. ПРИХОДИ

Планираните приходи во 2012 година се проектирани на повисок износ во однос на 2011 година за 44.28 %. Ваквото зголемување на приходите не се должи на зголемената наплата од железничките претпријатија, туку истото е резултат на ненаплатени и ненавремено наплатени приходи во 2011 година односно:

- **Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги од минатата година**

  Појавувањето на оваа приходна ставка е како резултат на неподмирување на обврските кон Агенцијата по основ Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2011 година од страна на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, поради што овие побарувања од железничкото претпријатие се пренесуваат и се планираат како приходи во 2012 година.

- **Пренос на средства од минатата година**

  Средства во износ од 1.400.000,00 денари се појавуваат како неискористени средства во 2011 година, но не поради немање предвидени активности за нивна реализација, туку поради доцната уплата на овие средства (месец декември, 2011 година) и неможност за нивна реализација во тековната година, согласно Програмата за работа и развој за 2011 година. Поради тоа, истите се пренесуваат и се планираат како приход во 2012 година.

- **Други приходи**

  Овие приходи се однесуваат на планирани приходи по основ на приходи од камати, позитивни курсни разлики и други приходи.

2. РАСХОДИ

Поради нецелосната и задоцнета наплата на средства по основ на Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги во 2011 година, Агенцијата не беше во можност целосно да ја реализира Програмата за работа и развој за 2011 година и поради тоа дел од активностите кои беа планирани во 2011 година се пренесуваат и се планираат со Програмата за работа и развој за 2012 година.

Следствено на погореизнесеното, планираните расходи со Финансискиот план за 2012 година бележат пораст од 44.28%, при што позначаен поголем износ на расходите е планиран на:

- **Конто 413 - Дневници за службени патувања и патни трошоци** за 700.000,00 денари односно за 216,67%.

Агенцијата од јули 2011 година е член на IRG Rail независна група на регулаторни тела за железници на Австрија, Хрватска, Данска, Естонија, Франција, Германија, Унгарија, Летонија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Шведска, Швајцарија и Велика Британија. Целта на оваа група на регулаторни тела е да се интензивира соработката помеѓу регулаторите во Европа, која пак ќе придонесе за промовирање на одржлив и ефикасен железнички сектор и развој на Европскиот железнички пазар. Во рамките на IRG-Rail формирани се 5 работни групи кои работат во областа на:

- Таксата за пристап кон железничката инфраструктура;
- Економската рамнотежа поврзана со надоместокот и трошоците за услуги од јавен интерес во патничкиот железнички сообраќај;
- Преоценување и дополнување (recast) на директивите од областа на железницата;
- Мониторинг на пазарот на железнички услуги и
- Железнички товарни коридори.

Во текот на 2011 година, поради недостаток на финансиски средства, Агенцијата не учествуваше во работата на овие работни групи. Своето присуство го ограничи само на пленарните седници.

Поради големото значење за секојдневното работење на Агенцијата и исполнување на законските надлежности, Агенцијата во 2012 година го зголеми износот на средства за активности во овие работни групи

- **Конто 417 - Интелектуални и други услуги** за 1.526.000,00 денари, односно за 58,38%, и истото се должи поради следното:

  - Студиите кои беа планирани со Програмата за работа и развој во 2011 година, заради ненавремено и нецелосно исполнување на финансиските обврски на транспортната и инфраструктурната компанија кон Агенцијата, не беа реализирани во текот на 2011 година. Од таа причина, наведените студии е предвидено да се реализираат во текот на 2012 година.

    Исто така, со Програмата за работа и развој во 2012 година се предвидува изработка на студија за мониторинг на пазарот на железничките услуги и анализа на неговата конкурентност со патниот сообраќај.

  - Поради потребата за воспоставување на база на податоци и ограничениот број на вработени во Агенцијата, во 2012 година се планира склучување договор за услуги од информатичка дејност, за одржување на веб страната, компјутерската мрежа и серверот на Агенцијата.

- **Конто 440 - Средства за градежни објекти** за 450.000,00 денари, односно за 250%. Зголемувањето на оваа ставка во однос на минатата година се должи на тоа што минатата година беше планирана делумна замена на прозорите стари 56 години, но поради ненавремено и нецелосно исполнување на финансиските обврски на

транспортната и инфраструктурната компанија кон Агенцијата, оваа активност не беше реализирана. Оваа година се предвидува замена на сите стари прозори со нови.

- **Конто 441 - Средства за опрема** за 1.290.000,00 денари, односно за 286.96%. Зголемувањето на овие средства се должи поради потреба од набавка на хардвер и софтверски решенија, за прибирање, обработка и анализа на податоците кои се обезбедуваат од транспортната и инфраструктурната компанија. Овие податоци понатаму ќе се користат покрај за мониторинг на пазарот, и за креирање на оптимална организација на работењето и креирање на развојни политики во дејноста. Во таа насока, Агенцијата ќе започне постапка за дефинирање на целите на проектот и постапка за подготовка на тендерска документација за спроведување на оваа активност. Дел од овој хардвер и софтверски решенија беа планирани да се набават во 2011 година, но поради ненавремено и нецелосно исполнување на финансиските обврски на транспортната и инфраструктурната компанија кон Агенцијата, истите не беа набавени.